Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-710/8
13-12-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-710/1 од 21.9.2023 година поднесена од [redacted] против училишниот одбор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје и градоначалникот на Општина Бутел- Дарко Костовски, за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.12.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ПЕРЦЕПЦИЈА** врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи сторена од страна на училишниот одбор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка од страна на од [redacted] од Скопје, заведена под бр. 08-710/1 од 21.9.2023 година, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје и градоначалникот на Општина Бутел- Дарко Костовски.

Согласно наводите од претставката, подносителката била избрана за директорка на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје на јавен оглас во 2018 година од страна на претходниот градоначалник на Општина Бутел, а за мандат од четири години кој истекувал на 30.6.2022 година. На ден 14.3.2022 година, како директорка на училиштето со допис бр. 03-97/1 го известила градоначалникот за законските рокови во однос на постапката за именување на директори на јавните служби основани од Општината и притоа го напомената датумот на истек на нејзиниот мандат. Како што наведува во претставката, од страна на градоначалникот и по истекот на еден месец од добиеното известување не била донесена одлука со која ќе се задолжи училишниот одбор на училиштето да објави јавен оглас. Оттука, на ден 13.4.2022 година училишниот одбор донел Одлука за објавување на јавен оглас за избор на директор, додека на ден 15.4.2022 година бил распишан јавниот оглас согласно член 115 став 4 од Законот за основно образование.

Наведува дека во меѓувреме била повикана од страна на градоначалникот на Општина Бутел, уште пред истек на нејзиниот мандат, кога ѝ било потенцирано дека никогаш нема да ја постави за директор од причина што претходно како кандидат била поставена од претходниот градоначалник Велимир Смилевски, кој е од редот на политичката партија СДСМ. Дополнително наведува дека ѝ било кажано дека работела за партијата и дека тој ќе го искористи неговото влијание врз училишниот одбор за да не ја изгласаат.

Во однос на јавниот оглас, подносителката на претставката била единствен пријавен кандидат на огласот. Училишниот одбор, откако утврдил дека кандидатката ги исполнува условите, отпочнал постапка на гласање иако на огласот таа била единствена пријавена. Во оваа насока наведува дека на еден месец пред отпочнување на постапката за гласање, членката на училишниот одбор


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

[redacted] предвреме и без никакво образложение била сменета со друг член, [redacted], кој моментално е шеф на кабинетот на градоначалникот на Општина Бутел.

Во поглед на гласањето на училишниот одбор, подносителката се повикува на член 108 од Законот за основно образование ("**ЗОО**") во кои се наброени надлежностите на училишниот одбор, меѓу кои и таа дека училишниот одбор врши интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите за директор. Дополнително се повикува и на член 115 од Законот за основно образование, каде е регулирана постапката за избор на директор и воедно е наведено дека училишниот одбор, во рок од 7 дена од извршениот разговор со кандидатите, на градоначалникот на Општината му го предлага кандидатот кој добил мнозинство гласови. Врз основа на ова, подносителката смета дека училишниот одбор, со цел да ја спречи да биде избрана за директор на училиштето, се впуштил во гласање иако била единствена пријавена и со тоа го ограничил нејзиното право согласно ЗОО да биде избрана за директор. По гласањето, од страна на училиштето и била доставена Одлука со арх. бр. 02-131/3 од седница на училишниот одбор, со која ја известуваат дека не е избрана за директор.

Подносителката понатаму поднела жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен против ваквата одлука ("**Државната комисија**"). Државната комисија постапувајќи по нејзината жалба и по насоките од Пресуда У-1 бр. 474/2022 од 27.3.2023 година на Управен суд Скопје, на ден 31.5.2023 година донела Решение со кое жалбата била уважена, а Одлуката бр. 02-131/3 од седница на училишниот одбор била поништена и предметот бил вратен на повторно постапување и одлучување пред првостепениот орган. Во решението, Државната комисија констатирала дека училишниот одбор е должен само да достави предлог до градоначалникот за тој да изврши избор на кандидат кој добил мнозинство гласови, а не и произволно да ја окончува постапката со акт- Одлука, нешто што воопшто не е предвидено во Законот како овластување на училишниот одбор. Понатаму Државната комисија навела дека со оглед на фактот дека жалителката била единствен кандидат, училишниот одбор требало само во рок од 7 дена од извршениот разговор на градоначалникот да му достави предлог, а понатаму градоначалникот е овластен да донесе конкретен управен акт. Истовремено Државната комисија констатирала и дека обжалената одлука, покрај тоа што е незаконска, не ги содржи задолжителните елементи на писмен управен акт, односно недостасува вовед, образложение, правна поука и печат.

За времетраење на постапката по жалба по овој оглас, училишниот одбор повторно распишал јавен оглас за избор на директор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје од 10.10.2022 година и во истиот навел дека изборот ќе се изврши во рок од 45 дена од денот на објавување на огласот. Подносителката на претставката повторно се пријавила и на овој оглас и на 22.11.2022 година по пат на електронска пошта и било доставено Известување од училишниот одбор од 21.11.2022 година со кое била поканета на 23.22.2022 година да учествува на состанок на кој ќе се решава по распишаниот оглас за директор и ќе се врши интервју со претставникот од Биро за развој на образованието. На ден 23.11.2022 година училишниот одбор ѝ доставил Известување со арх. Бр. 04-476/2-2 со кој ја известува дека на состанокот на комисијата за разгледување на документи по јавен оглас бил констатиран пропуст (техничка грешка) во огласот за директор и поради тој пропуст, училишниот одбор донел одлука за поништување на јавниот оглас. Подносителката смета дека овој пропуст училишниот одбор го направил исклучиво по негова вина, намерно или од незнаење, испуштајќи да ги наведе законските услови коишто кандидатот за директор треба да ги исполнува. Притоа смета дека вака објавениот оглас е со цел да се одолговлечи постапката за избор на директор, особено што училишниот одбор не ја исправил техничката грешка во јавниот оглас и дополнително ѝ било доставено само известување во кое е наведена одлуката за поништување на јавниот оглас, без да ѝ биде доставена самата одлука и без да биде наведен правниот основ по кој училишниот одбор постапувал. Подносителката наведува дека и по оваа постапка вложила жалба


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

до Државната комисија, која ја одбила жалбата, по што моментално се води спор пред Управниот суд Скопје.

Покрај ова, подносителката наведува дека и пред отпочнување на постапката за избор на директор, претходеле низа нерегуларности во врска со работата на училишниот одбор.
Имено, на 27.7.2022 година, по извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат (“**ДПИ**”), било констатирано дека од страна на градоначалникот на Општина Бутел за ВД директор е именувано лице кое не ги исполнува условите предвидени во член 109 став 3 и член 118 став 1 од Законот за основно образование, иако од редот на вработените во училиштето има лице кое ги исполнува истите услови. Во врска со ова, подносителката појаснува дека градоначалникот именувал ВД директор кој не ги исполнува условите откако претходно не била избрана на распишаниот јавен оглас на кој конкурирала само таа.

По вториот неуспешен оглас, на ден 1.2.2023 година училишниот одбор распишал трет јавен оглас кој повторно бил неуспешен и завршил без избор на директор, од причина што училишниот одбор во него повторно не ги ставил задолжителните законски услови. Третиот јавен оглас бил поништен од страна на училишниот одбор по поднесена претставка до Државниот просветен инспекторат.

Дополнително, подносителката напоменува и дека согласно Законот за основно образование, предност во постапката за избор имаат кандидати со звање ментор и советник. Меѓутоа, училишниот одбор не ја споменал оваа одредба во јавниот оглас, а напоменал дека доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, тогаш за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на избор за директор. Подносителката смета дека наместо да распише јавен оглас со којшто ќе се бара кандидат за директор кој ќе ги исполнува условите и ќе донесе предност за училиштето, училишниот одбор напоменал дека може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, што пак смета дека создава услови за повторно училиштето да остане без директор во случај лицето да не го положи испитот во рок од една година.

Меѓу нерегуларностите кои ги споменува, подносителката го вбројува и фактот што сегашниот вршител на должноста директор е именуван од страна на градоначалникот на Општина Бутел на ден 13.6.2022 година, а спротивно на член 118 став 1 од Законот за основно образование, каде е пропишано дека вршител на должноста директор се именува од редот на вработените во училиштето кои ги исполнуваат условите за директор, додека пак таа наведува дека ВД директорот не ги исполнувал тие услови. Во овој контекст наведува дека од страна на ДПИ, по извршен вонреден инспекциски надзор од 27.7.2022 година, била констатирана оваа нерегуларност односно фактот дека за ВД директор е именувано лице кое не ги исполнува условите од Законот за основно образование, иако од редот на вработените во училиштето имало лице кое ги исполнува условите. Дополнително напоменува дека и по истекот на мандатот од 6 месеци на ВД директорот, градоначалникот на 13.12.2022 година повторно го именувал истото лице, иако согласно член 118 став 5 од ЗОО, исто лице еднoподруго не може да биде именувано за вршител на должноста директор на основно училиште.

Како докази во прилог на претставката беа доставени:

1. Известување до Општина Бутел- Одделение за јавни дејности од 14.3.2022 година;
2. Одлука за објавување на јавен оглас за избор на директор бр. 02-129/3 од 13.4.2022 година
3. Јавен оглас со арх. бр. 03-131/1 од 15.4.2022 година
4. Пријава по јавен оглас за избор на директор бр. 04-141/1 од 20.4.2022 година
5. Записник од комисијата за разгледување на пријави по јавниот оглас со арх. бр. 04-131/2 од 29.4.2022 година

6. Номинација на советник во Биро за развој на образование за интервју на кандидатите од 4.5.2022 година
7. Одлука со арх. бр. 02-131/3 од седница на училишниот одбор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје одржана на ден 10.5.2022 година
8. Жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен од 17.5.2022 година
9. Решение РО 0904-105 од 21.6.2022 година на Државната комисија
10. Тужба против Решение РО 0904-105 поднесена пред Управен суд Скопје
11. Пресуда У-1 бр. 474/2022 од 27.3.2023 година на Управен суд Скопје
12. Решение РО 0904-105 од 31.5.2023 година на Државната комисија
13. Записник од 27.7.2022 година од извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат
14. Јавен оглас за избор на директор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје со арх. бр. 04-407/1 од 13.10.2022 година
15. Пријава по јавен оглас за избор на директор
16. Известување за интервју од 21.11.2022 година
17. Писмен допис- Известување од ООУ „Живко Брајковски"- Скопје со арх. бр. 04-476/2-2 од 23.11.2022 година
18. Известување до Министерство за образование и наука од 24.11.2022 година
19. Жалба на писмен допис доставена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
20. Решение РО 0904-266 од 17.1.2023 година од Државната комисија
21. Тужба против Решение РО 0904-266 поднесена пред Управен суд Скопје
22. Јавен оглас за избор на директор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје од 1.2.2023 година
23. Претставка по јавниот оглас за избор на директор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје доставена до Државниот просветен инспекторат и до училишниот одбор на 13.2.2023 година
24. Известување до Министерство за образование и наука од 13.2.2023 година
25. Известување и Одлука за поништување на јавен оглас со арх. бр. 02-106/2-3 од 4.2.2023 година од училишниот одбор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 25.9.2023 година испрати Известување бр. 08-710/2 и Известување бр. 08-710/3 за произнесување по наводите од претставката до училишниот одбор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје и градоначалникот на Општина Бутел, Дарко Костовски.

На ден 28.9.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од градоначалникот Дарко Костовски како одговор на претставката.

Во одговорот се наведува дека [redacted] е вработена во ООУ „Живко Брајковски", училиште во кое тој како градоначалник нема посебни надлежности, освен оние од Законот за основно образование кои се однесуваат на формалното именување на директор предложен од училишниот одбор. Оттука, градоначалникот вели дека е нејасно како може да ја дискриминира подносителката на претставката во работата и работните односи.

Во однос на наводите од претставката каде подносителката навела дека била повикана од страна на градоначалникот и ѝ било потенцирано дека никогаш нема да биде поставена за директорка од причина што претходно како кандидат била поставена од страна на Велимир Смилевски кој е од редот на политичката партија СДСМ, како и тоа дека работела за СДСМ и дека наменски пред гласањето била извршена промена на член на училишниот одбор, градоначалникот Дарко

Костовски смета дека станува збор за клеветнички наводи за кои не е понуден ниту еден доказ, а за кои најавува понатамошни судски постапки.

Изјавува дека ваквите наводи се целосно невистинити и напоменува дека тој како градоначалник на Општина Бутел во ниту еден случај не ги сторил дејствијата за кои се зборува во претставката. Како доказ во поткрепа на истото наведува информација добиена од училиштето дека [redacted] до последен момент, додека сè уште била директорка, во целост учествувала во подготвителните активности за избор на директор, вклучувајќи го и изготвувањето на гласачките ливчиња. Во овој контекст, тој тврди дека во ниту еден момент, па ни по поднесувањето на претставката, не биле преземени никакви чекори кои би укажале на било каква дискриминација со која би биле загрозени нејзините права.

Во однос на наводите дека дискриминацијата е сторена врз основа на политичка припадност, градоначалникот укажува на тоа дека во текот на целата постапка ниту тој, ниту било кој од членовите на училишниот одбор не побарале на било каков начин информација за политичката припадност на било кој евентуален кандидат, вклучително и подносителката. Истовремено напоменува дека поднесената претставка е првиот момент во кој тој добил некаква индиција дека кандидатката се чувствувала дискриминирано заради политичка припадност, а имајќи предвид дека ниту знаел, ниту побарал информација за евентуално постоење на политичка припадност на подносителката на претставката.

Исто така, смета дека била злоупотребена вистината со тоа што во претставката како доказ за нејзина политичка припадност е наведен фактот што таа била поставена за директорка од страна на претходниот градоначалник кој е од политичката партија СДСМ. Наведува дека во Општина Бутел постојат примери и на други директори кои биле избрани во мандатот на претходниот градоначалник, а кои до денес несметано ја извршуваат функцијата, и како пример ја наведува [redacted], директорка на ООУ „Гоце Делчев“, с. Љубанци.

Дополнително, градоначалникот се повикува на одредбите од Законот за основно образование кои ја нормираат целата постапка за избор на директор, со цел да го истакне неговото минорно влијание врз постапката. Поточно, го потенцира фактот дека училишниот одбор и претставникот од Бирото за развој на образование се оние кои вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите и понатаму го предлагаат кандидатот кој добил мнозинство од гласовите од вкупниот број од членовите на училишниот одбор, додека пак тој како градоначалник единствено го именува кандидатот по добивање на предлогот. Повикувајќи се на Законот за основно образование, поточно член 115, став 11, 12, 14, и 16, вели дека за избор на директор не е доволно само исполнување на условите од страна на кандидатот, туку и избор со мнозинство гласови од училишниот одбор при оформување на предлог- кандидат, кој ќе биде предложен за именување од страна на градоначалникот на општината во која се наоѓа основното училиште. Следствено, истакнува дека во постапката не е предвиден исклучок со кој во случај на постоење на само еден кандидат, истиот би бил избран без да се изврши гласање заради обезбедување на мнозинство гласови од страна на училишниот одбор. Дополнително вели дека истата постапка за избор на директор е предвидена и за државните основни училишта, со што смета дека е јасна намерата на законодавецот во постапката за избор клучен збор да има училишниот одбор, кој освен ценење на формалните критериуми, има и диспозитивна слобода да ги цени и квалитетите на понудените кандидати при реализацијата на интервју со нив.

На 18.10.2023 година, до Комисијата пристигна произнесување и од ООУ „Живко Брајковски“-Скопје како одговор на претставката.

Во одговорот најпрво се цитираат членот 108 став 1 и членот 115 од Законот за основно образование, па се наведува дека за избор на директор не е доволно само исполнување на условите од страна на кандидатот, туку и избор со мнозинство гласови од училишниот одбор на основното училиште при оформување на предлог- кандидат кој ќе биде предложен за именување од страна на градоначалникот на општината. Следствено, велат дека никаде во постапката не е предвиден исклучок со кој во случај на постоење на само еден кандидат, истиот би бил избран без да се изврши гласање заради обезбедување на мнозинство гласови од страна на училишниот одбор. Дополнително велат дека истата постапка за избор на директор е предвидена и за државните основни училишта, со што сметаат дека е јасна намерата на законодавецот во постапката за избор клучен збор да има училишниот одбор, кој освен ценење на формалните критериуми, има и диспозитивна слобода да ги цени и квалитетите на понудените кандидати при реализацијата на интервју со нив.

Во однос на наводите од претставката укажуваат дека во ниту еден момент во текот на целата постапка, никој од членовите на училишниот одбор не побарал информација за политичка припадност на било кој евентуален кандидат на јавниот оглас, вклучително и на подносителката на претставката. Напоменуваат дека претставката е првиот момент во кој училишниот одбор добил некаква индиција дека кандидатката се чувствува дискриминирано заради политичка припадност, имајќи предвид дека училишниот одбор до овој момент ниту знаел, ниту побарал информација за евентуално постоење на политичка припадност на подносителката. Напоменуваат дека гласањето за подносителката како кандидатка за директор било со резултат два гласа ЗА и пет ПРОТИВ, при што врз никој од членовите на училишниот одбор не било извршено влијание врз носењето на одлуката за избор.

На ден 25.10.2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за информации до училишниот одбор на ООУ „Живко Брајковски“ поради прибирање на дополнителни информации во врска со наводите од претставката, а со цел кредибилно и мериторно одлучување на Комисијата.

Со дописот беше побарано образложение во врска со постапката за избор на директор на училиштето, имено зошто подносителката [redacted] иако била единствен пријавен кандидат, не била избрана од страна на Училишниот одбор на првиот јавен оглас, за што била известена со Одлука бр. 02-131/3 од седница на Училишниот одбор одржана на 10.5.2022 година, а која Одлука не содржи никакво образложение во однос на причините поради кои е донесена. Информацијата беше побарана имајќи предвид дека Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, постапувајќи по Пресуда У-1.бр.474/2022 на Управниот суд, донела Решение РО бр. 0904-105 со кое Одлуката бр. 02-131/3 од 10.5.2022 година на Училишниот одбор се поништува и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување, а во самото Решение се наведува: „...Училишниот одбор согласно член 115 став 12 од Законот [за основно образование, н.з.], е должен на градоначалникот да му даде предлог да изврши избор на кандидатот кој добил мнозинство од гласовите од вкупниот број од членовите на Училишниот одбор, а не произволно и незаконски да ја окончува постапката за избор на директор на основно општинско училиште по пат на јавен оглас со акт- Одлука, нешто што не е предвидено во Законот како овластување на Училишниот одбор. Со оглед на фактот дека жалителката била единствен кандидат и не постои друг кандидат којшто хипотетички би добил повеќе (мнозинство) гласови, Училишниот одбор согласно член 115 став 12 од Законот, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на градоначалникот на општината требало да му достави предлог, а согласно став 14 од горенаведениот член од Законот, градоначалникот е овластен да донесе конкретен управен акт“.

Последно, беше побарано произнесување во врска со другите два јавни огласи за директор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје кои биле распишувани, но кои биле неуспешни, имајќи предвид дека за тоа времетраење ВД директор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје, именуван од страна на градоначалникот, било лице кое не ги исполнувало условите за истото, што е констатирано од извршен вонреден инспекциски надзор во училиштето од страна на Државниот просветен инспекторат на ден 31.1.2023 година.

На ден 8.11.2023 година до Комисијата пристигна одговор од страна на училишниот одбор, архивиран под бр. 08-710/7. Во одговорот се потенцира дека согласно член 115 став 12 од Законот за основно образование, училишниот одбор за секој од кандидатите врши гласање заради обезбедување на мнозинство гласови во изборот, при што во конкретниот случај при тајното гласање два члена на училишниот одбор гласале ЗА, додека пет од нив гласале ПРОТИВ кандидатката [redacted]. Имајќи предвид дека согласно Законот за основно образование потребно е мнозинство гласови за избор на кандидат кој ќе биде предложен до градоначалникот, напоменуваат дека со тоа што за подносителката не било обезбедено законски потребното мнозинство гласови, училишниот одбор не смеел и не можел да донесе поинаква одлука од донесената. Со оглед на фактот дека се работи за тајно гласање, пак, а во согласност со член 115 од Законот за основно образование каде не е предвидено образложение за донесената одлука, тие сметаат дека Барањето за информации на Комисијата е надвор од законските рамки, особено што при тајното гласање на ниеден начин не е возможно да се утврди кој од членовите како гласал, со што не постои начин да се даде образложение за причините за носењето на сопствена одлука на секој од членовите на училишниот одбор.

Дополнително во одговорот наведуваат дека самата претставка на подносителката не содржи ниту еден доказ за нејзина политичка припадност, освен самостојната изјава дека околноста што истата била избрана за директорка од претходен градоначалник кој припаѓал на друга политичка опција од сегашниот, претставува своевиден доказ за политичка припадност на кандидатката. Во оваа насока, наведуваат дека доколку кандидатката го смета своето именување за директорка од страна на градоначалник од политичка партија различна од партијата на сегашниот градоначалник како доказ за својата политичка припадност, тогаш дали изборот на секој директор избран или именуван во време на мандат на одреден градоначалник или министер автоматски претставува доказ за неговата политичка припадност?

Исто така, повикуваат при носење на мислење од страна на Комисијата да се разгледа околноста за начинот на кој кандидатката ја искажува својата политичка припадност пост фестум, со што училишниот одбор не можел да знае за истата пред носењето на својата одлука.

Последно, потенцираат дека доколку училишниот одбор по тајното гласање во кое кандидатката не добила мнозинство гласови доставел предлог до градоначалникот, тогаш би сторил повреда на членот 115 став 12 од Законот за основно образование каде условот за мнозинство гласови е услов без кој не се може при изготвување на предлогот.

Од наводите во претставката, произнесувањата по истата, како и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:
Подносителката на претставката е поранешна директорка на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје, избрана на јавен оглас во 2018 година од страна на претходниот градоначалник на Општина Бутел Велимир Смилевски, а нејзиниот мандат од четири години истекол на 30.6.2022 година. На ден 14.3.2022 година, како директорка на училиштето со допис бр. 03-97/1 го известила градоначалникот за фактот дека нејзиниот мандат наскоро истекува, а во врска со законските рокови во однос на постапката за именување на директор. Од страна на градоначалникот не била

донесена одлука со која ќе се задолжи училишниот одбор на училиштето да објави јавен оглас, па оттука на ден 13.4.2022 година училишниот одбор донел Одлука за објавување на јавен оглас за избор на директор. На ден 15.4.2022 година бил распишан јавниот оглас, на кој подносителката на претставката била единствен пријавен кандидат.

Училишниот одбор, откако утврдил дека кандидатката ги исполнува условите, отпочнал постапка за гласање, иако на огласот таа била единствена пријавена. Притоа, на еден месец пред отпочнување на постапката за гласање дошло до промена во составот на училишниот одбор кога членката на училишниот одбор [redacted] била сменета со друг член, [redacted] кој моментално е шеф на кабинетот на градоначалникот на Општина Бутел.

Во поглед на самото гласање, помеѓу подносителката и училишниот одбор постои несогласување во однос на тоа дали во случај кога на јавниот оглас има само еден пријавен кандидат, а откако ќе се утврди дека ги исполнува условите, училишниот одбор спроведува постапка за гласање или автоматски го предложува кандидатот на градоначалникот. Имено, подносителката смета дека училишниот одбор, со цел да ја спречи да биде избрана за директор на училиштето, се впуштил во гласање иако била единствена пријавена, што е спротивно на член 115 од Законот за основно образование. Од друга страна, училишниот одбор смета дека согласно истиот член, тие се должни да спроведат постапка за гласање, дури и кога на огласот е пријавен само еден кандидат. Оттука, по гласањето, на подносителката ѝ била доставена Одлука со арх. бр. 02-131/3 од седница на училишниот одбор, со која ја известуваат дека не е избрана за директор.

Подносителката понатаму поднела жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен против ваквата одлука, која одлуќувајќи по жалбата донела Решение РО број 0904-105 од 21.6.2022 година со кое жалбата ја отфрлила како недопуштена. Незадоволна од ваквото решение, подносителката повела управен спор пред Управниот суд, кој постапувајќи по тужбата донел Пресуда У-1 бр. 474/2022 од 17.3.2023 година, со која тужбата на подносителката ја уважил, а Решението РО број 0904-105 го поништил. Постапувајќи по пресудата, Државната комисија донела Решение РО број 0904-105 од 31.5.2023 година со кое жалбата била уважена, а Одлуката бр. 02-131/3 од седница на училишниот одбор била поништена и предметот бил вратен на повторно постапување и одлучување пред училиштето. Во решението, Државната комисија констатира дека училишниот одбор ја донел обжалената одлука без притоа да ја има предвид постапката за избор на директор пропишана во член 115 од Законот за основно образование. Поточно, Државната комисија нашла дека училишниот одбор е должен само да достави предлог до градоначалникот за тој да изврши избор на кандидат кој добил мнозинство гласови, а не и произволно да ја окончува постапката со акт- Одлука, нешто што не е предвидено во Законот како овластување на училишниот одбор. Понатаму Државната комисија наведува дека со оглед на фактот дека жалителката била единствен кандидат, училишниот одбор требало само во рок од 7 дена од извршениот разговор на градоначалникот да му достави предлог, а понатаму градоначалникот е оној кој е овластен да донесе конкретен управен акт. Истовремено Државната комисија констатирала и дека обжалената одлука, покрај тоа што е незаконска, не ги содржи задолжителните елементи на писмен управен акт, односно недостасува вовед, образложение, правна поука и печат.

Во меѓувреме, на 27.7.2022 година, по извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат, било констатирано дека од страна на градоначалникот на Општина Бутел за ВД директор е именувано лице кое не ги исполнува условите предвидени во член 109 став 3 и член 118 став 1 од Законот за основно образование, иако од редот на вработените во училиштето има лице кое ги исполнува истите услови. Именувањето на ВД директорот кој не ги исполнува условите се случило по првиот јавен оглас на кој подносителката не била избрана.

Дотолку повеќе, по истекот на мандатот од 6 месеци на ВД директорот, градоначалникот на ден 13.12.2022 година повторно го именувал истото лице, иако согласно член 118 став 5 од ЗОО, исто лице еднoподруго не може да биде именувано за вршител на должноста директор на основно училиште.

За времетраење на постапката по жалба пред Државната комисија, училишниот одбор распишал нов јавен оглас за избор на директор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје од 10.10.2022 година, на кој подносителката повторно се пријавила. На ден 23.11.2022 година училишниот одбор ѝ доставил Известување со арх. Бр. 04-476/2-2 со кој ја известува дека на состанокот на комисијата за разгледување на документи по јавен оглас бил констатиран пропуст, односно техничка грешка во огласот за директор и поради тоа училишниот одбор донел одлука за поништување на јавниот оглас. Подносителката и по оваа постапка вложила жалба до Државната комисија, која ја одбила жалбата, за што моментално се води спор пред Управниот суд во Скопје.

По вториот неуспешен оглас, на ден 1.2.2023 година училишниот одбор распишал трет јавен оглас кој повторно бил неуспешен и завршил без избор на директор, од причина што училишниот одбор во него не ги ставил задолжителните законски услови кој кандидатот треба да ги исполнува. Третиот јавен оглас бил поништен од страна на училишниот одбор по поднесена претставка до Државниот просветен инспекторат.

Законот за спречување и заштита од дискриминација ја дефинира дискриминацијата во член 6:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други"*.

Во член 4 став 1 точка 9 од истиот закон се дефинира дискриминацијата по перцепција:
*„"Дискриминација по перцепција" е секое разликување, исклучување или ограничување на едно лице поради претпоставена припадност кон одредена група врз која било дискриминаторска основа"*.

Во оваа насока, во конкретниот случај била сторена дискриминација по перцепција од страна на училишниот одбор на ООУ „Живко Брајковски" врз основа на претпоставената политичка припадност на подносителката на претставката. Поточно, поради фактот што подносителката била назначена за директорка на училиштето во времетраење на мандатот на претходниот градоначалник Велимир Смилевски, кој доаѓа од различна политичка партија од онаа на моменталниот градоначалник, таа не била избрана за директорка на јавниот оглас распишан на 15.4.2022 година. Ова е видно од околноста што за нејзиниот избор била спроведена постапка за гласање иако била единствен пријавен кандидат на огласот, односно било постапено спротивно на постапката предвидена во член 115 од Законот за основно образование. Во прилог на ова оди и фактот дека училишниот избор немал овластување да ја заврши постапката за избор на директор со Одлуката бр. 02-131/3 од 10.5.2022 година, туку бил должен да достави предлог кандидат до градоначалникот.

Дотолку повеќе, иако во периодот на распишување на следните два јавни огласи ВД директор на училиштето било лице кое не ги исполнува условите за директор, кое нешто е видно од Записникот од 27.7.2022 година од извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат, училишниот одбор не вложил напор истите огласи да бидат докрај реализирани, туку тие завршувале неуспешно заради пропусти во нивното распишување.

Имајќи го сето ова предвид, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди дека во конкретниот случај е сторена дискриминација по перцепција врз основа на политичка припадност врз [redacted] од страна на училишниот одбор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на Училишниот одбор на ООУ „Живко Брајковски"- Скопје при спроведување на постапката за избор на директор во иднина да се воздржи од дискриминаторски дејствија кои го ставаат било кој кандидат во понеповолна положба врз било која дискриминаторска основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
13.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- ООУ „Живко Брајковски", ул. Краишка бр. 1А, 1000 Скопје
- Градоначалник на Општина Бутел - Дарко Костовски, ул. Бутелска бр. 4, 1000 Скопје